# Вести од светот
## ЗА МЛАДИ И ВОЗРАСНИ



2023 • **ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ТРАНСЕВРОПСКА ДИВИЗИЈА



AdventistMission.org

# Содржина

**На насловната страница:** Армандс бил замолен од 95-годишна жена да ја врати нејзината куќа која била национализирана од советските власти и да ја претвори во адвентистичка црква во Латвија. Искуството можете да го прочитате на страница 28 од списанието.


**ЦРНА ГОРА**

**4** Живо чудо / 1 јули

**6** Спасен од куче / 8 јули T

**СРБИЈА**

**9** Интернет мисионер / 15 јули T

**11** Нерешителниот студент / 22 јули T

**ПОЛСКА**

**14** Нов начин да се најде жена / 29 јули T

**16** Школа за Берта / 5 август

**18** Добивање бесплатна сабота во Полска / 12 август T

**21** Ослободување на затворениците / 19 август
























**24** Искушавање на отецот, искушавање на Бога / 26 август T

**ЛАТВИЈА**

**26** Од дилер на дрога... / 2 септември

**28** ...До адвентистички водач / 9 септември

**31** Без излез / 16 септември T

**33** Со вера против сè / 23 септември T

**35** Програма на Тринаесеттата сабота: Од натприродното / 30 септември T

**38** Идни проекти на Тринаесеттата сабота

**39** Редакција на списание / Карти


T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

SEVENTH-DAY ADVENTIST CHURCH


© 2023 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved



12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе се посветиме на Трансевропската дивизија (TED), која вклучува 22 држави: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Данска, Естонија, Финска, Грција, Унгарија, Исланд, Ирска, Латвија, Литванија, Македонија, Црна Гора, Холандија, Норвешка, Полска, Србија, Словенија, Шведска, Велика Британија.

Во оваа дивизија живеат 207 милиони луѓе, вклучувајќи 88.273 верници на христијанската адвентистичка црква, што претставува соодност од 1 адвентист на секои 2.346 луѓе.

Ова тримесечје, проектите на Тринаесеттата сабота ќе се реализираат во две држави од оваа дивизија. Средствата ќе бидат наменети за мисионски активности наменети за децата и нивните семејства, т.е. градење центар на влијание во главниот град на Латвија, Рига. Центарот ќе се користи за извиднички средби, престој на школски деца по наставата, за часови по странски јазици и собирања за време на летниот распуст. Родителите ќе можат да учествуваат во здравствениот клуб, а луѓето од локалната средина ќе можат да дојдат на третмани со физичка масажа, здравствена нега, во фризерски салон и сервис за хемиско чистење и перење. Во Црна Гора средствата ќе бидат употребени за реновирање на зградата на младинскиот камп кој служи како дом за извидници, центар за духовен развој на младите на крајбрежјето во местото Зеленика.

Вашата поддршка за мисијата е многу важна за единството на црквата.

Ви благодариме што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со нивните духовни браќа и сестри ширум светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку нивните дарови.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*



## Можности

Даровите на тринаесеттата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за два проекта на Трансевропската дивизија:

- Изградба на центар на влијание во Рига, Латвија
- Реновирање на младинскиот камп во Зеленика во Црна Гора



# Живо чудо

ЦРНА ГОРА | 1 јули 2023

Миланка

Мајката во првите шест месеци од бременоста редовно одела на лекарски прегледи во Црна Гора. Лекарот не забележал ништо необично. Но, она што мајката и докторот не го знаеле е дека малиот Воја развил вродена мана 27 дена по зачнувањето. Неговиот 'рбет не се развивал правилно во долниот дел. Имал отвор на 'рбетот. Низ отворот минувал дел од 'рбетниот мозок, и тие нерви биле опкружени со балон. Воја имал спина бифида, расцеп на 'рбетниот столб.

По одредено време мајката заминала на следниот лекарски преглед. Во таа пригода лекарот констатирал дека бебето на грбот има балон со пречник од 15 сантиметри.

Мајката била хоспитализирана. Лекарката отворено рекла дека изгледите на бебето не се добри, дека бебето најверојатно ќе умре или ќе биде тешко онеспособено и препорачала индуцирано породување за што поскоро прекинување на бременоста.

Тој петок, лекарката направила ултразвук и открила дека Воја не може да ги движи нозете.

Следниот ден бил сабота, ден за одмор, но не и за мајката. Плачела цел ден. Таа вечер, од исцрпеност, таа конечно заспала за прв пат по три дена.

Во недела мајката се разбудила и се прашала дали сето тоа бил само лош сон. Потоа се сетила на сѐ и повторно почнала да плаче. Низ солзи, таа му рекла на Бога:

„Боже, Ти си семоќен и голем Бог", рекла таа. „Можеш сѐ. Ти ја разбуди животната искра во мојот Воја. Ти си сведок на сѐ што се случува. Ако решиш да го земеш, нема да ми биде лесно, но ќе го прифатам тоа. Ако е Твоја волја, ќе се помирам со тоа. Но, ако ми го оставиш на мене, те молам да го направиш здрав. Што и да одлучиш, јас ќе прифатам. Само биди тука и не дозволувај ништо да се случи без твоја дозвола. Во Исусово име те молам. Амин."

По молитвата, срцето на мајката се исполнил со мир.

Таа била немоќна, а нејзината единствена надеж бил Бог. Таа верувала дека Бог ќе го направи она што е најдобро. Но, неизвесноста била тешка.

Бог испратил трошка надеж веќе тоа попладне. Лекарот забележал дека мочниот меур на Воја е полн. Тоа било показател дека организмот работи. Децата со оштетен 'рбетен столб обично имаат празни мочни меури.

По 10 дена поминати во болница, мајката била отпуштена. Како докторката да сакала да каже:

„Пуштете ја. Нека биде Божја волја“.

Набргу потоа, мајката се вратила во болница. Докторот сакал да види дали на Воја му се движат нозете. Мајката и таткото се молеле пред да одат во болница, а се молеле и додека ги чекале резултатите. Додека докторот го правел ултразвукот, нозете на Воја биле неподвижни. Поминале пет минути, десет минути, петнаесет минути. Нозете сè уште мирувале, а мајката и таткото за тоа време се молеле: „Боже, те молам покажи ни ја својата моќ уште еднаш“, се молела мајката. „Утеши нè. Направи бебето да ги движи нозете.“

По 20 минути бебето почнало да ги движи и десната и левата нога. Мајката и таткото биле пресреќни! Тие се вратиле дома да го дочекаат 20 март, денот кога се очекувало да се роди бебето.

Лекарката предупредила дека бебето најверојатно ќе се роди мртво. Но, мајката во своето срце знаела дека Бог решил да му подари живот на Воја. Во месецот до датумот на породување, таа постојано се молела.

Непосредно пред породувањето, мајката повторно се помолила. „Драги Боже, за неколку минути ќе дознаам дали си решил на Воја да му дадеш живот или смрт. Уште еднаш те молам за неговиот живот. Но, не мојата волја да биде, туку Твојата волја. Ти благодарам во Исусово име, амин“.

## Во врска со искуството

- Дополнителни информации за Воја можете да прочитате во детското мисионско списание.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.
- Мисионската сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Адвентистичката порака за седмиот ден за прв пат била проповедана на Балканскиот Полуостров во 1880 г., кога А. Сифрид отишол во Скопје, Македонија, како претставник на Британското и странското библиско здружение.
- Петар Тодор бил првиот проповедник адвентист роден во Југославија, кој работел во својата. Тој и неговата сопруга се крстиле во Арад, Романија, во 1900 година. Три години подоцна, на конференцијата во Клуж, Романија, тој бил избран да служи како библиски работник, а следната година бил испратен да работи како пастор во Србија.

Раѓањето се одвивало многу брзо. Бог ѝ дал сила на мајката. Таа се смеела и плачела од радост кога го слушнала плачот на Воја.

Животот на момчето не бил лесен. Поголемиот дел од своето детство го поминал со лекари и на

физикална терапија. Но, лекарите велат дека тој е живо чудо. Момчето за кое мислеле дека нема да преживее, сега е висок, силен тинејџер кој сака да трча и да скока.

„Господ направи чудо за нашиот Воја“, вели мајката Миланка. „Воја вози велосипед и игра фудбал без физички проблеми. Му благодарам на Бога за сè што направи за моето семејство и за мене“.

Денес, Воја е ученик на адвентистичката гимназија во Нови Сад, Србија, која беше отворена со помош на даровите од Тринаесеттата сабота дадени во третото тримесечје во 1997 година. Дарот на Тринаесеттата сабота што луѓето го дадоа пред повеќе од 25 години му помага на Воја и на другите деца денеска да стекнуваат адвентистичко образование.

Семејството на Воја е благодарно за даровите од Тринаесеттата сабота. Тие дарови ќе помогнат да се изгради нов извиднички камп во Црна Гора, каде што малата сестра на Воја и други деца ќе можат да учат за прекрасниот Бог кој одговара на молитвите.

Ви благодариме што планирате великодушно да ги принесете даровите на Тринаесеттата сабота.

Ендрју Мекчесни



# Спасен од куче

ЦРНА ГОРА | 8 јули 2023

Секуле

Еден постар човек налутено погледнал во 21-годишниот адвентист кој дошол да го одржи договореното библиско проучување со неговиот син.

Неговиот 16-годишен син не бил дома за да ја прими библиската лекција во Подгорица, главниот град на Црна Гора.

„Тој е мојот единствен син“, му рекол таткото на Секуле. „Немам никој во животот освен него. Цел живот го чекав. И сакам да знам нешто за тебе. Дали си ти од некоја секта?“

Секуле сакал да одговори дека не е дел од секта, туку дека е адвентист на седмиот ден. Меѓутоа, тој бил многу исплашен.

„Ние не сме секта“, одговорил. „Ние сме христијани кои веруваат во Исуса Христа и во Светиот Дух, и само сакаме да му помогнеме на вашиот син да ги разбере основните верувања на Библијата. Вашиот син нема да научи ништо лошо“.

„Не сакам да се приклучи на ниту една секта“, налутено рекол таткото. Потоа упатил закана поради која на Секуле му се заледила крвта во жилите: „Ако некој го одведе мојот син во погрешна насока, ќе го убијам за да ја одбранам честа на моето семејство.“

Тоа се случувало во 1990-тите, воени времиња кога поранешниот Советски Сојуз и Југославија беа поделени на неколку помали земји, а Секуле и другите адвентисти ја користеле секоја можност да ги шират библиските лекции.

По оваа непријатна средба, Секуле една недела се борел со Бога. Бил загрижен што ќе се случи кога повторно ќе се врати во тој стан, дали повторно ќе наиде на тој човек? Неговите стравови растеле секојдневно. Во шестиот ден, тој клекнал пред Бога и рекол: „До смрт сум исплашен. Не знам што ќе се случи. Единствено решение е да не се вратам таму, но тоа не е решение, бидејќи му ветив на неговиот син дека ќе дојдам. Ми треба Твојата помош. Те молам помогни ми“.

Следниот ден ја повторил молитвата, ги зел библиските лекции и го напуштил својот дом. Додека се движел кон зградата, поминал низ парк во кој се собрала глутница кучиња скитници. Најголемото куче ја напуштило глутницата и тргнал по Секула.

„Бегај!“, рекол Секуле. „Оди си!“ Кучето се вратило неколку чекори назад, но потоа повторно почнало да го следи. Тоа чекало пред првата станбена зграда што ја посетил Секуле, а потоа го следело и до следната.

Кога Секуле дошол пред зградата каде што доживеал непријатно искуство со таткото на оној младич, кучето го следело по скалите. Ова било првпат куче да го следи до становите во зградата. Секуле разбрал дека Бог се обидува да го охрабри. „Со тоа куче нема потреба да се плашиш?“ Се чинело како сам Бог да му кажува. „Ќе испратам и ангел да те заштити ако е потребно. Ова куче е видлив доказ за Моето присуство. Она што не можеш да го видиш е дека поставив заштита околу тебе“.

Секуле се охрабрил. Кога стигнале до вратата од станот, му рекол на кучето: „Чекај тука!“

Кучето се вратило неколку чекори наназад и послушно го погледнало. Секуле заѕвонил.

Таткото ја отворил вратата. Кога го видел Секула збеснал и извикал: „Повторно ти...“, а потоа го видел кучето и се вратил чекор назад. Земајќи здив, тој со посмирен глас рекол: „Мојот син реши да не ги проучува повеќе библиските лекции и ја треснал вратата“.

Кога Секуле ја напуштил зградата, кучето тргнало во спротивна насока. Никогаш повеќе не го видел тоа куче.

Поминале околу 10 години, а синот на тој непријатен човек станал познат пејач во Црна Гора. Тој еднаш зборувал за својата вера во интервју за медиумите. Тогаш рекол: „Се сметам себеси за верник, но верувам поинаку од нашата традиционална вера“.

## Во врска со искуството

- Црна Гора е независна земја од 2006 година, а главен град е Подгорица.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и жртвување за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, и млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта број 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 е за зголемување на пристапувањето, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Цел бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им даде пример на другите за библискиот поглед на свет." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Едно од најстарите дрвја во Европа се наоѓа во Бар, на брегот на Јадранското Море и е старо повеќе од 2.000 години. Обемот на стеблото на оваа маслинка е околу 10 m.
- Скадарското Езеро е најголемото езеро на Балканот и е еден од најголемите резервати на птици во Европа, дом на околу 270 видови птици. Исто така е важна станица за птиците преселници. Посетителите можат да видат далматински пеликани, мали корморани, штркови, чапји, ибиси и соколи.

Кога Секуле ги слушнал тие зборови, неговото срце се исполнило со радост. Знаел дека Бог ги употребил библиските лекции во слава на Своето име.

Секуле не знае што подоцна се случило со синот. Престанал да пее и повеќе не живее во Црна Гора. Но, Секуле знае едно: Бог ги штити оние што го шират евангелието.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогнат да се изгради нов извиднички камп во татковината на Секуле во Црна Гора, каде децата и младите ќе можат да учат за Бога.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар за тринаесеттата сабота.

Ендрју Мекчесни



# Интернет мисионер

СРБИЈА | 15 јули 2023

Немања

Додека Немања прелистувал низ Инстаграм, забележал дека не може да најде многу објави со информации за адвентистите на седмиот ден на српски, неговиот мајчин јазик.

Тој се запрашал: „Зошто нашата црква не е добро претставена на Инстаграм?“

Потоа се запрашал: „Зошто некој не направи нешто во врска со тоа?“

Следното прашање што му паднало на ум било: „Зошто јас да не направам нешто во врска со тоа?“

Така, Немања започнал онлајн служба и денес има повеќе од 5.000 следбеници на Инстаграм ширум светот со дополнителни учесници на уште две други социјални платформи. Покрај објавувањето пораки за адвентистичките верувања на социјалните мрежи, Немања го надгледува проучувањето на 10 мали библиски групи од 20-30 луѓе на Инстаграм.

Во изминатите две години се крстиле најмалку 10 млади луѓе, а неколкумина од нив студираат теологија на адвентистичкиот факултет во главниот град на Србија, Белград.

Како е да се биде онлајн мисионер? „Може да биде страшно“, вели Немања, кој има 25 години.

Еден млад човек напишал дека му се заканувал лош дух. Лошиот дух, кој се поистоветувал со бог, рекол дека убивал други луѓе.

„Можеш ли да се молиш за мене?“, овој млад човек го замолил Немања.

Немања организирал онлајн молитвена група од 10 луѓе и тие се молеле. Два дена подоцна, младиот човек изразил благодарност. „Вчера нападите на духовите беа помалку, а денес немаше воопшто“, напишал тој.

Младичот се придружил на една од групите за онлајн проучување на Библијата на Немања. „Господ му помогна“, кажува Немања.

Друга група за проучување на Библијата на Немања, група за жени, добила порака од една жена по име Тамара, која е од Виена, Австрија. Таа напишала дека многу сака да учествува во службата причест, Господова вечера, но не знаела каде да оди. Откако ја објавила пораката во групата, директно му пишала на Немања за да праша во која црква да оди. „Едноставно е“, ѝ одговорил Немања. „Читајте ја Библијата, молете се и Бог ќе ви каже што да правите“.

Тамара учтиво одговорила дека веќе ја прочитала Библијата и се моли. Немања ѝ испратил материјал за проучување на Библијата и

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и жртвување за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, и млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта број 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 е за зголемување на пристапувањето, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Цел бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им даде пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Со основањето на Југославија по Првата светска војна во 1918 година, бил формиран Југословенскиот сојуз во Нови Сад, а подоцна, во 1925 година, бил преместен во Белград, главниот град на Србија.

неколку негови објави на Инстаграм.

Благодарам“, напишала Тамара. „Но, сè уште не го најдов одговорот.“ Таа побарала помош и по трет пат.

Овој пат Немања одговорил: „Ви предлагам да одите во Христијанската адвентистичка црква“.

Тамара не била задоволна од одговорот и решила да посети друга црква. Меѓутоа, кога пристигнала во близина на црквата, не можела да најде паркинг место. Возела наоколу, но не можела да најде ниту едно слободно место.

Додека кружела така околу црквата во Виена, една жена адвентистка, која била оддалечена околу 500 километри во Босна и Херцеговина, ја забележала почетната објава на Тамара во која бара помош во женската група за проучување на Библијата.

Тамара“, ѝ напишала жената. „Еве ја адресата на црквата во Виена, каде во сабота ќе се одржи причест“.

Тамара била изненадена. „Долго барав паркинг место и бев многу тажна“, одговорила таа. „Во истиот момент ја примив вашата порака.“

Таа сабота отишла во адвентистичката црква и присуствувала на Господова вечера. Сега се подготвува за крштевање.

Една вечер, додека Немања се подготвувал за спиење, му дошла една мисла: „Треба да се молиш за Алекса“. Алекса ја прифатил вистината откако се приклучил на онлајн групата за проучување на Библијата, но не се крстил. Потоа ја напушти групата, велејќи: „Ја знам вистината, но сакам да го живеам животот слободно“.

Немања решил да се помоли за него таа вечер. Тој упатил многу едноставна молитва: „Те молам, Боже, допри му го срцето. Амин“, рекол тој.

Следниот ден Алекса напишал: „Чувствувам како Светиот Дух да го допира моето срце“.

Немања се зачудил. Тоа било токму она за што се молел. „Ќе беше убаво да напишел: Сакам да се вратам во групата“, изјавува Немања, „но, тој напиша дека го доживува токму она за што се молев. Потоа тој повторно се приклучи на групата“.

Друг млад човек активно ги критикувал адвентистите на социјалните мрежи. Немања му напишал: „Зошто не ја прочиташ книгата Големата борба ?“ „Добро, ќе се обидам“, одговорил младиот човек.

Тој ја прочитал целата книга на Елена Вајт и тоа за една ноќ. Следниот ден тој рекол: „Изгледа дека станувам адвентист.“ Тој го прифатил фактот дека адвентистичката црква ја учи библиската вистина. Сега се подготвува за крштевање.

Немања добил адвентистичко образование кое било финансирано од даровите на Тринаесеттата сабота.

Како тинејџер одел во адвентистичко средно училиште во Нови Сад, кое ја започнало својата работа со помош на даровите на Тринаесеттата сабота собрани во третото тримесечје во 1997 год.

Ви благодариме за великодушните дарови на Тринаесеттата сабота кои имаат силно влијание врз многу животи, во текот на многу години.

Ендрју Мекчесни

СРБИЈА



# Нерешителниот студент

СРБИЈА | 22 јули 2023

Станислав

Откако како тинејџер му го предал срцето на Исус, Станислав станал многу активен во неговата матична црква во Србија. Често проповедал, но помислата да стане пастор никогаш не му паѓало на ум.

Тогаш локалниот проповедник му предложил да оди на едномесечен мисионски курс наречен: „Еден месец за Исуса“.

Станислав не сакал да оди. Настанот бил организиран за млади, а тој имал близу 40 години. Тогаш само одмавнал со главата. Но, пасторот не прифатил не за одговор.

„Ќе биде интересно“, продолжил пасторот. „Не, не сакам да одам“, одговорил Станислав. „Ако не са-

каш да одиш за себе, тогаш оди поради црквата", одговорил пасторот.

Станислав неволно заминал.

За негова жал, само еден човек бил постар од него на тој мисионски семинар. Се борел да се вклопи со младите. Но, за него се заинтересирал пасторот што го организирал целокупниот настан.

„Би требало да одиш на нашиот адвентистички факултет во Белград", рекол пасторот. „Не, премногу сум стар", одговорил Станислав. „Покрај тоа, со години не сум одел на училиште. Сега би ми било тешко да учам".

Но, пасторот бил многу убедлив. Го повикувал Станислав со толкав жар што и двајцата заплакале на крајот.

„Во ред", конечно рекол Станислав. „Но, ако одам на факултет, ќе ја изгубам работата. Немам пари да ја платам школарината, а немам ниту заштеда".

„Господ ќе се погрижи за тоа", го охрабрил пасторот. Станислав ветил дека ќе се моли и дека ќе пости – и тоа и го направил.

Наскоро почнале да се случуваат одредени работи. Кога на неговиот автомобил налетал друг автомобил, тој помислил: „Можеби ова е знак дека треба да одам на факултет".

Потоа играл фудбал со младите. Додека трчал да ја фати топката, налетал на дрво покрај игралиштето и се повредил. Помислил: „Можеби ова е уште еден знак".

Подоцна, додека се одморал надвор, нешто му паднало во око и тоа се затворило. Си помислил: „Ова е дефинитивно знак. Само да ми биде малку подобро, и тогаш ќе одам." Потоа станал глув на едното уво.

Тој се молел: „Во ред, Боже. Ова е Твоја волја. Ќе одам. Нема ни да го чекам крајот на семинарот за мисијата во одморалиштето. Во тој момент како да слушнал глас: „Дали Јас би ти го направил тоа?"

Тој помислил: „Тоа е добро прашање. Дури и да е Божја волја јас да одам, тој веројатно нема да го стори тоа на овој начин." Така, останал до крајот на мисионскиот семинар во одморалиштето.

Подоцна отишол на факултетот, но не бил убеден дека е доволно добар за да биде пастор. Си помислил: „Веројатно ќе паднам на приемниот испит".

Меѓутоа, тој поминал.

Тогаш помислил: „Во ред, но сигурен сум дека нема да го поминам интервјуто кога ќе ме прашаат за мојот живот и за мотивите." Тогаш се помолил: „Боже, те молам одземи ми ја оваа чаша. Но, нека биде Твојата волја, а не мојата".

Станислав го поминал интервјуто и бил примен на факултетот. Немал доволно пари за да ја покрие школарината. Во гимназија не добивал добри оценки, и бил сигурен дека никој нема да му помогне во неговите финансиски потреби.

Но, на негово изненадување, парите се слевале на неговата сметка додека добивал чисти десетки. Не знаел од каде доаѓале парите, но биле доволни да ги покријат сите негови трошоци.

Испитите за него биле многу тешки. Во прва година Станислав бил особено загрижен за испитот по теологија. Едноставно немал време да се подготви за тој испит, откако од него било побарано, покрај работата што ја извршувал во интернатот, да ја работи и работата на неколкумина студенти што порано заминале.

Станислав успеал да научи само една третина од материјалот.

Тој се молел: „Боже, знаеш дека не го направив ова намерно. Дадов најдобро што можев. Ми треба твојата помош.“

Кога започнало полагањето на испитот, открил дека сите прашања се базирани на материјалот што го учел! Лесно го положил испитот.

Тој ден бил пресвртница за Станислав. Сфатил дека треба да остане на факултетот и да студира. Станислав бил еден од првите студенти кои примале целосна стипендија.

Кога некогашниот неволен студент по теологија разговараше со ова списание Адвентистичка мисија (Adventist Mission), имаше уште само неколку седмици до дипломирањето.

„Од некогаш лош студент, сега добивав директни чисти десетки на факултетот, што е прилично добро“, вели 41-годишниот Станислав.

„Господ го направи тоа. Никогаш не би можел да го остварам тоа без Него“.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

- Мисионската сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 е за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Србите одиграле значајна улога во првата мисија при одењето на Месечината. Тројца српски научници биле вклучени во проектот Аполо. Покрај тоа, Михајло Пупин бил еден од основачите на Меѓународниот советодавен комитет за аеронаутика, кој подоцна станало НАСА.

Ви благодариме за даровите на Тринаесеттата сабота што ги приложивте пред три години, бидејќи тие помогнаа да се отвори нова црква на периферијата на градот Белград, каде што Станислав студира теологија.

Ендрју Мекчесни



# Нов начин да се најде жена

ПОЛСКА | 29 јули 2023

Збигњев

Збигњев почнал сериозно да се моли за сопруга кога ги завршил теолошките студии во тогашна комунистичка Полска. Сметал дека, ако сака да биде добар пастор, неопходно е да има добра сопруга

Набргу по дипломирањето, црковните водачи го испратиле Збигњев и десетина други дипломирани студенти во југоисточна Полска за да го носат евангелието од врата до врата. Југоисточниот регион бил далеку од домот на Збигњев на север. Младите се труделе да ги задоволат потребите на луѓето додека им нуделе христијански книги и библиски проучувања.

Збигњев и неговите пријатели се поделиле по парови. Варосувале ѕидови, чистеле дворови, им помагале на постарите со храна и лекови. Некои луѓе не можеле да поверуваат дека можат да добијат бесплатна помош. Секоја вечер, младите одржувале библиски проучувања.

Еден ден Збигниев и неговиот сопатник, Јарек, тропнале на вратата од една куќа во местото Леско. Врнел силен дожд. Темни облаци го скриле сонцето и студ го исполнил воздухот. Многу луѓе не ги отворале вратите.

По тропањето, се појавила жена на 40-годишна возраст.

„Кои сте вие?“, прашала таа. „Зошто тропнавте на мојата врата?

Збигњев и Јарек одговориле дека се христијани и дека сакаат да ѝ понудат литература за Исус.

„Сега немам време“, одговорила жената. „Ќе го прашам мојот сопруг дали сака да разговара со вас.“

Ја затворила вратата, исто како и нејзините соседи. Збигниев се прашувал дали ќе се врати. Таа се вратила по неколку минути.

„Мојот сопруг не се чувствува добро и не сака да зборува“, рекла таа. „Но, би сакала да се запознаам со вас и да дознаам повеќе за Исус. Може ли повторно дојдете?“

Двајцата младичи се согласиле да дојдат повторно следниот ден. Кога следниот ден тропнале на вратата, жената ги поканила во својата дневна соба. Таму седеле околу 10 луѓе. Тие биле желни да слушнат што ќе кажат младите за Исус.

Меѓу луѓето во собата била и една млада девојка по име Маја. Таа веќе некое време самата ја читала Библијата. И Маја се молела за добар и верен сопруг. Младите во нејзиниот град пушеле и пиеле, а таа сакала сопруг кој ќе му биде верен на Бога и ќе биде слободен

од разни зависности.

По состанокот, Маја ѝ рекла на жената што ја поканила на проучувањето: „Збигниев ќе ми биде сопруг!“

Набргу по состанокот, Збигниев ја поканил Маја на библиско проучување во друг град на околу 100 километри оддаленост од местото каде што се наоѓале тие. Таа заминала, и тие двајца почнале да се дружат и да се допишуваат. Тоа било во 1986 година, долго време пред појавата на мобилните телефони и електронската пошта.

Следната 1987 година, евангелистот Марк Финли одржал серија евангелиски предавања во северниот пристаништен град Гдањск, познат по работничките штрајкови и синдикатот „Солидарност“. Збигниев ја поканил Маја да присуствува на предавањата. Секоја вечер таа, меѓу 1.200 други луѓе, доаѓала во проучување за да слуша за Исус во преполната кино-сала.

На последното предавање Маја решила да му го предаде своето срце на Исуса со крштевање.

Збигниев и Маја денеска се во брак 35 години и имаат две возрасни ќерки Маја и Наталија. Збигниев не е само пастор, туку и универзитетски професор, црковен водач и редовен говорник на ТВ и радио канал Надеж (Hope). Тој се восхитува на тоа како Бог одговорил на неговите и на молитвите на Маја да најдат добар партнер еден во друг.

„Моето семејство е од крајниот север на Полска, а мојата сопруга доаѓа од крајниот југ. Би било невозможно да се сретнеме без божест-

## Во врска со искуството

- Посетете ја веб-страницата на полскиот канал Надеж / Hope:hopechannel.pl.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

- Знајте дека, покрај работата на полскиот канал Надеж, Збигњев работи и како директор на светската мисија во Полската унија; тој е професор по теологија и туризам на факултетот и член на уредничкиот одбор на полската адвентистичка издавачка куќа. Неговиот поранешен придружник Јарек, Јарослав Жигилевски, е претседател на Западната Полска област на Христијанската адвентистичка црква.

Мисионската сторија ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Цел број 2: „Да се зајакне адвентистичкото дело во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу изолираните групи луѓе и нехристијанските религии“. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата, со помош на духовни материјали. Оваа цел продолжува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org

## Мисионски информации

- Во 1888 година, адвентистичките работници Ј. Лаубан и Х. Шкубовиќ дошле од Крим (Русија) во северна Полска. Нивниот тригодишен престој во Полска резултирал со основање на првата Адвентистичка црква.

вената интервенција".

Тој верува дека литературниот евангелизам одиграл клучна улога во нивниот брак.

„Секогаш им кажувам на младите студенти да бидат многу внимателни кога одат од врата до врата, бидејќи можеби ќе ја најдат жената на својот живот!"

Ви благодариме за даровите што ги приложивте Тринаесеттата сабота во 2017 година, што помогна да се основа телевизиското студио и каналот Надеж / Hope Channel / во Полска.

Збигниев е редовен говорник на овој телевизиски канал.

Ендрју Мекчесни



# Училиште за Берта

ПОЛСКА | 5 август 2023

Берта

Берта била возбудена кога слушнала дека првото адвентистичко училиште на седмиот ден е отворено во Полска.

Била учителка и барала работа. Таа сакала да им предава на децата во адвентистичко училиште.

Сепак, имало проблем. Адвентистичкото училиште се наоѓало во близина на полскиот главен град Варшава, далеку од нејзиниот дом во Краков.

„Ова не е работа за мене", тажно помислила Берта.

Тогаш еден од нејзините пријатели неочекувано почнал да ѝ раскажува за адвентистичкото училиште. „Можеби би можела да се пријавиш за да предаваш таму", рекол пријателот.

„Не, предалеку е", одговорила Берта.

Се чинело пореално да побара работа во Краков. Потоа друг пријател ѝ го спомнал ова адвентистичко училиште.

„Слушнав за ова адвентистичко училиште", рекол пријателот. „Можеби би сакала да се пријавиш за да работиш таму како учителка." Откако и другиот пријател ѝ го спомнал адвентистичкото училиште, Берта се запрашала дали можеби Бог се обидува да ѝ каже нешто во врска со тоа.

Таа се молела: „Боже, што да правам? Дали да останам во Краков или да одам во ова училиште?"

Берта одлучила да се пријави за две работни места како учителка - во државното училиште во Краков и во адвентистичко училиште во близина на Варшава.

Таа повторно се молела. „Ќе одам во првото училиште што ќе одговори на мојата молба за рабо-

та", рекла таа во молитвата. „Боже, тоа ќе го протолкувам како Твоја волја".

Берта се прашувала кое училиште прво ќе одговори на нејзиното барање. Дали тоа ќе биде државно училиште или адвентистичкото?

Адвентистичкото училиште прво одговорило. „Ви благодариме за интересот за нашето училиште и за позицијата учителка", гласел одговорот. „Ве молиме, дојдете на разговор за работа."

Берта се загрижила. Таа имала 16-годишен син Јаков. Сите негови пријатели биле во Краков, и неговото училиште било во Краков. Дали ќе сака да се пресели на друго место?

За Берта било мошне важно Јаков да ја прифати нејзината одлука да го напушти домот и да се преселат на друго место.

Берта повторно се молела. Решила да му даде на Јаков можност да избере дали сака да остане кај роднините во Краков или да оди со неа во новото место и во ново училиште.

Јаков не се двоумел.

„Мамо, ајде да одиме заедно", рекло момчето. „Да одиме заедно. Сакам да бидам со тебе."

Берта била изненадена и задоволна. Неговите збо-

## Во врска со искуството

- Градинката и основното училиште се наоѓаат во кампусот на адвентистичкиот теолошки факултет „Под Кова Лесна", 40 километри од Варшава. Околу половина од учениците што го посетуваат ова училиште, потекнуваат од неадвентистички семејства.

  Во ова училиште биле згрижени голем број украински бегалци, кои ги напуштиле своите домови поради војната во Украина.

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

- Знајте дека, покрај работата на полскиот канал Надеж, Збигњев работи и како директор на световската мисија во Полската унија; тој е професор по теологија и туризам на факултетот и член на уредничкиот одбор на полската адвентистичка издавачка куќа. Неговиот поранешен придружник Јарек, Јарослав Жигилевски, е претседател на Западната полска област на адвентистичката црква.

  Мисионската сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 е за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Во 1900 година, еден Германец по име Х. Шмиц почнал да проповеда во Варшава. Бидејќи не знаел полски, одел од куќа до куќа, читајќи ги имињата на семејствата на вратите. Кога би наишол на германско презиме, тогаш тропнувал. За само неколку месеци била организирана првата црква со членови кои зборувале германски.

рови изгледале како последен показател дека Бог го води нејзиниот пат. На крајот на краиштата, двајца пријатели сосема нејасно разговарале со неа за да се пријави во адвентистичко училиште. Потоа, адвентистичкото училиште имало предност во однос на државното, со тоа што прво одговорило на нејзината молба за работа. Сега нејзиниот син тинејџер бил готов и среќен што ќе се пресели со неа во новиот дом.

Таа ја прифатила работата.

Денес, Берта е директор на адвентистичкото основно училиште, кое се наоѓа во кампусот на адвентистичкиот колеџ во близина на Варшава. Таа не се сомнева дека Бог ја донел во ова училиште.

Токму пред некој ден нејзиниот син изјавил дека ја донела вистинската одлука. Тој рекол дека немал пријатели адвентисти во Краков, а момчињата со кои се дружел не биле заинтересирани за црковни активности. Но, сега има многу пријатели адвентисти и е активен во црквата.

„Мамо, ти донесе добра одлука да дојдеме овде“, рекол тој. „Многу ми е мило што сме на ова место“.

На Берта ѝ е мило што сѐ се случило токму така. Господ ја донел во училиштето, и таа е среќна. „Јас сум тука поради него“, вели таа.

Ви благодариме за вашите дарови на мисијата на саботната школа кои го поддржуваат и помагаат образованието на адвентистите на седмиот ден ширум светот.

Ендрју Мекчесни



# Добивање слободна сабота во Полска

ПОЛСКА | 12 август 2023

Ришард

Сите студенти посетувале настава во сабота во комунистичка Полска. Но не и Ришард.

Некако секогаш успевал да ги положи своите испити. Но, тогаш добил нов професор.

„Откажи се од студиите“, му рекол пријателот. „Добивме нов тежок професор кој сигурно нема да ти даде слободна сабота. Само спакувајте си ги работите и оди си дома“.

Ришард не бил вознемирен. „Не, нема да ги спакувам работите и да си одам дома“, рекол тој. „Прво ќе се помолам на мојот Господ. Ќе Му ја објаснам мојата ситуација и ќе побарам Тој да ме води“.

Додека Ришард се молел пред да се сретне со својот нов професор, во неговиот ум минувале две можни сценарија за тоа што би можело да се случи.

Според едното сценарио, професорот би го отфрлил неговото барање да биде иземен од наставата во сабота, велејќи: „Не е важно во што веруваш. Мора да присуствуваш на моите часови во сабота.“ Според другото сценарио, професорот ќе рече: „Те молам, седни. Сакам да ти кажам нешто.“

Тогаш Ришард отишол кај професорот и се претставил.

„Јас сум член на адвентистичката црква“, рекол тој. „Адвентистичката црква на седмиот ден е протестантска црква. Ние веруваме во Исуса. Се трудиме да живееме како Него и Неговите ученици. Саботата била света за нив, а света е и за мене. Затоа, се плашам дека нема да можам да присуствувам на вашиот час во сабота“.

Ришард тивко го чекал одговорот на професорот. Професорот рекол: „Ве молам седнете. Прво, слушнете ја мојата приказна“.

Професорот раскажал дека пред многу години, откако докторирал, отпатувал во САД на една година практична работа.

„Не познавав никого таму“, му рекол тој. „Кога слета авионот, си помислив: ‘Каде ли ќе ме сместат?’ На мое изненадување, меѓу сите студенти, докторанди, кои беа со мене во авионот, едно семејство ме избра на аеродромот и ме однесе во својот дом. Ме поканија да живеам со нив и да јадам со нив.

## Во врска со искуството

- Посетете ја веб-страницата на телевизискиот канал Надеж: hopechannel.pl.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

## Мисионски информации

- Името „Полска“ доаѓа од името на племето Полание, што значи „луѓе кои живеат на отворени полиња“.
- Градот Варшава бил речиси целосно уништен за време на Втората светска војна, а бил повторно изграден со помош на сликите од 14 век на Бернард Бело како визуелен водич. Така, градот денес повеќе личи на град од 14 век отколку на град од 20 век.
- Во Полска, презимињата се разликуваат според полот. Момчето ќе добие презиме што завршува на „чки/цки“, а девојчето на „чка/чка“. На пример, ако сте женско а презимето на татко ви е Ковалски, вашето презиме ќе биде Ковалска.
- Позната како „Мајката на модерната физика“, Марија Кири е родена како Марија Склодовска во Варшава. Заедно со нејзиниот сопруг, Французинот Пјер Кири, ги открила радиумот и полониумот. Таа не само што била првата жена што ја добила Нобеловата награда, туку била и првата личност и единствената жена што двапати ја добила Нобеловата награда, а таа е една од само двајца луѓе кои успеале да ја добијат Нобеловата награда во две научни области.
- Полскиот инженер Игњаци Лукасиевич ја измислил првата модерна улична светилка во 1853 година. Една улица во Варшава сè уште ги користи светилките што ги направил Лукасиевич.

Кога сакав да им платам, тие одбија. Со тоа семејство живеев цела година. Кога се вратив во Полска, размислував како да им се оддолжам на овие луѓе. Како да покажам благодарност за тоа што го направија за мене?“, раскажал професорот.

„Воопшто не знаев што можам да направам. Сега, кога слушнав дека си протестант, а тие исто така беа протестанти, ќе те ослободам од наставата во сабота“.

Ришард бил восхитен и воодушевен од прекрасната вест. Кој би помислил дека години порано Бог ќе испрати протестантско семејство во Соединетите Држави кај неговиот иден професор, дека по толку години ќе му го отвори патот на неговиот студент слободно да ја празнува саботата како адвентист на седмиот ден во комунистичка Полска?

Пријателот на Ришард не бил во право. Професорот го ослободил од часовите во сабота. Ришард никогаш не морал да посетува настава во сабота.

Кога го полагал завршниот испит, прашањата биле толку едноставни што му се чинело дека професорот се потрудил да му олесни да го положи испитот.

Денес Ришард Јанковски е претседател на Христијанската адвентистичка црква во Полска. Тој никогаш не заборавил како Бог му помогнал да ја празнува саботата на факултет.

„Видов како Бог нѐ води, дури и тогаш кога се чини дека нема излез“, вели тој. „Исус кажува: „Јас сум вратата низ која секогаш може да се најде излез во тешки ситуации“.

Во Евангелието според Јован 10,7-9, Исус вели: „Исус им рече пак: ‘Вистина, вистина ви велам: Јас Сум вратата на овците. Сите, кои дојдоа пред Мене, се крадци и разбојници; но овците не ги послушаа. Јас Сум вратата; кој ќе влезе низ Мене, ќе биде спасен, ќе влегува и ќе излегува и ќе најде пасиште.’“

Ви благодариме за даровите на Тринаесеттата сабота што ги приложивте во 2017 година, кои ни помогнаа да се основа телевизискиот канал Надеж во Полска.

Ришард е редовен говорник на тој телевизиски канал, локален огранок на интернационалниот ТВ канал Надеж (Hope Channel International).

Ендрју Мекчесни



# Ослободување на затворениците

ПОЛСКА | 19 август 2023

Ришард

Кристофер бил многу разочаран кога со својата сопруга отишол на евангелистичка средба во Полска. Неговата сопруга му рекла дека проповедникот секогаш покажувал кратко видео како дел од презентацијата, но овој пат тој не го сторил тоа. Кристофер бил многу вознемирен.

Дома ѝ викал на сопругата. Тоа била последната капка за неа. Ќе заминам утре и ќе ги земам децата со мене", му рекла таа. „Никогаш не се слушнало ништо позитивно од тебе во оваа куќа".

Пред да си легне таа вечер, жално погледнала во Кристофер. „Никогаш не сум те слушнала да се молиш", рекла таа. „Зошто не му се молиш на Бога? Само Тој може да ти го промени срцето".

Кристофер ја опцул сопругата и си легнал. Но, не можел да заспие. Подоцна истата ноќ, тој станал, отишол во кујната и почнал да разговара со Бога. „Не знам дали постоиш, но јас сум многу лоша личност", го излевал своето срце. „Ги повредив мојата драга сопруга и децата, пијам алкохол. Не сакам да живеам вака. Можеш ли да ми помогнеш?"

Тој зборувал со Бога 30 минути. Но не слушнал одговор. Тоа утро, Кристофер отишол со автобус на работа. Во автобусот се сретнал со пријателите и почнале да разговараат. Тие секогаш користеле пцости, а овој разговор не бил исклучок. Но, на Кристофер за прв пат не му се допаднало нивното изразување.

Се прашувал што се случува со него.

На работа, неговите соработници и тој ги здружувале парите како и обично за пијалак по работа. Но, Кристофер овој пат не се напил. Наместо тоа, тој отишол право дома. „Господи, спречи ја мојата жена да си оди", се молел тој.

Неговата сопруга веќе имала спакувано три куфери и била подготвена да замине со децата. „Душо, дај ми уште една шанса", ја замолил тој. „Можеме ли да почнеме одново?"

Таа подзапрела. „Во ред, ќе ти дадам уште една шанса", му рекла таа.

Следниот ден, Кристофер отишол да го види проповедникот кој ги одржувал евангелистичките состаноци.

ПОЛСКА

Помеѓу чадот од цигари, тој рекол: „Сакам да се крстам". Мојата сопруга планира да се крсти во петок и јас сакам да ѝ се придружам".

Проповедникот знаел дека Кристофер веројатно никогаш повеќе нема да побара да се крсти ако го одбие сега. Тој се молел во себе: „Господи, што би направил Ти кога Кристофер би Ти го поставил ова прашање?"

„Знам, пушам", рекол Кристофер. „Но, ветувам дека ќе престанам во петок."

Тој петок Кристофер рекол: „Пасторе, не пушев од утрово." Проповедникот се прашувал што да прави. Тој размислувал за тоа што ќе мислат членовите на црквата. Решил да ризикува. Го крстил Кристофер заедно со неговата сопруга.

Проповедникот се прашувал што ќе се случи следно. Не морал долго да чека. Набргу потоа, Кристофер му се доверил дека како млад човек влегувал во неволји со законот. Тој рекол дека сака да го сподели своето животно искуство со други младичи во затворот.

Проповедникот бил роден во адвентистичко семејство на седмиот ден и никогаш немал никаков контакт со затвореници. Не знаел што да прави.

„Не грижете се", рекол Кристофер. „Можам да побарам од управникот да ја дозволи посетата."

„Добро, ќе дојдам со тебе", рекол пасторот.

Се молел во себе: „Те молам, Боже, помогни ми. Не знам како да се однесувам во разговор со затворениици".

Управникот зборувал цврсто и директно. „Имате една шанса", му рекол тој на проповедникот.

„Ако вашата проповед е здодевна и некој ви каже да престанете, не можете повторно да дојдете".

Проповедникот се молел уште пожестоко. „Господе, ова е тежок предизвик за мене", рекол тој. „Помогни ми."

На денот кога требало да се одржи проповедта, младите мажи влегле во собата облечени во идентична облека. Изгледале незаинтересирано. Проповедникот го почувствувал тоа и помислил дека веднаш треба да ја промени планираната проповед.

„Пријатели мои", рекол тој, „знаете ли зошто дојдов овде денес?" тој покажал кон Кристофер.

„Затоа што овој човек бил како вас кога бил тинејџер. Кристофере, ќе сакаш ли да дојдеш?"

Кристофер станал. „Пријатели мои, ве разбирам", рекол тој. „Јас живеев овде. Не бев многу добар тинејџер. Правев лоши работи. Еднаш се обидов да избегам од овој затвор и погледнете го ова" – го засукал ракавот од кошулата за да ги покаже лузните што ги добил од обидот да се самоубие. „Но, фала му на Бога, некој ми го спаси животот. Денеска дојдов да споделам радосна вест со вас."

Кога ќе излезете од затвор, можете или да го правите она што сте го правеле претходно или да го промените вашиот живот и да живеете за Бога. Ве повикувам да го изберете Бога“.

По тој ден, Кристофер и проповедникот многупати го посетувале затворот. Дури и екипа на полската телевизија ги следела внатре, а младите затвореници ѝ рекле на екипата: „Ние сме многу благодарни на адвентистите што нè посетија. Ни донесоа Библии. Никогаш порано не сме имале Библија. Учиме за Исуса Христа, за спасението, за проштавањето и за можноста да започнеме нов живот“.

Зборовите на затворениците ги исполниле Кристофера и проповедникот со радост.

„Ова за нас беше многу важно“, вели проповедникот Ричард Јанковски. „Бог може да ни даде нов живот. Не е важно што сте направиле, Тој му дал нов живот на Кристофер, а може и вам да ви даде нов живот“.

## Во врска со искуството

- Посетете ја веб-страницата на полскиот канал Надеж / Hope:hopechannel.pl.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

Мисионската сторија ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Цел број 2: „Да се зајакне адвентистичкото дело во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу изолираните групи луѓе и нехристијанските религии“. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата, со помош на духовни материјали. Оваа цел продолжува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org

## Мисионски информации

- За време на Втората светска војна, окупаторските германски власти ја затвориле Полската унија и ги забраниле црковните активности. Целиот црковен имот бил конфискуван, а богослужбата во сабота често се одржувала во тајност.

Ви благодариме за даровите на Тринаесеттата сабота што великодушно ги приложивте во 2017 година. Тие помогнаа да се изгради телевизиското студио, каналот Надеж во Полска. Проповедникот од оваа сторија, Ричард Јанковски, денес е претседател на Христијанската адвентистичка црква во Полска и е редовен говорник во емисиите на овој канал.

Ендрју Мекчесни



# Добивање слободна сабота во Полска

СРБИЈА | 26 август 2023

Ришард

Таткото го возел автомобилот ноќе во Полска со својот син тинејџер Томаш.

Додека патувале, тој зборувал за неверојатните искуства што ги доживеал со Бога на патот.

„Кога возам автомобил и се случува да ми се расипе, Господ обично ми помага", вели таткото. Или ќе дојде механичар да ми помогне, или некој ќе застане да ми помогне, или ќе ми се расипе автомобилот во близина на автомеханичарска работилница.

Томаш го слушал својот татко без некаква видлива реакција на неговото лице.

По некое време таткото и синот запреле на бензинска пумпа.

Кога таткото се обидел повторно да го запали моторот, не успеал. Сега Томаш имал видлива реакција на лицето. Тој се насмевнал.

„Види, тато", рекол тој. „Сега можеме да го тестираме она за што ти зборуваше. Дали Бог навистина ти помага кога имаш проблеми со автомобилот?"

Таткото отишол кај одговорната на бензинската пумпа.

„Дали имате механичар на располагање?", прашал тој.

„Дали се шегувате?" одговорила жената. „Сега е 11 часот навечер. Резервирајте хотелска соба и обидете се наутро".

Таткото одмавнал со главата. „Не", рекол тој. „Мора да му покажам на мојот син како Бог го води мојот живот."

Таткото излегол од автомобилот и го повикал механичарот што му помогнал околу автомобилот една седмица претходно.

Механичарот веднаш претпоставил што не е во ред со автомобилот. Но, таткото не можел да ги разбере неговите упатства за тоа како да го поправи автомобилот и, на крајот на краиштата, немал никаков алат со себе.

Томаш излегол од автомобилот додека татко му зборувал на телефон. „Тато", рекол тој, „таму има група механичари кои имаат проблем со својот автомобил и чекаат резервен дел. Можеби тие би можеле да го погледнат нашиот автомобил." „Повикај ги нив", рекол таткото.

Механичарите дошле и го поправиле автомобилот за пет минути. Таткото бил задоволен.

„Томаш, гледаш ли како работи Бог?", му рекол тој со насмевка.

Потоа им се заблагодарил на механичарите, им платил и им подарил книга за Бога. Механичарите му се заблагодариле на таткото и си заминале, сите, освен еден. Тој останал последен.

„Ве препознавам", рекол тој. – „О?" - одговорил таткото, малку

збунет. „Многу луѓе си личат. Можеби сте ме помешале со некој друг што личи на мене“.

„Не“, инсистирал човекот. „Ве препознавам. Ве видов на Велигденската програма во Адвентистичката црква.“

Таткото се сетил на програмата во која учествувал. Служел како водач за млади во Адвентистичката црква во Полска во тоа време.

„Да, тоа бев јас“, рекол таткото.

„Порано бев адвентист на седмиот ден“, изјавил човекот. „Но, веќе не сум“.

Таткото добро го погледнал човекот со сочувство на лицето. „Не случајно сме тука и што имав проблем со автомобилот. Така можевме да се сретнеме и да разговараме“.

Таткото се молел со човекот и му дал книга за Бога. Потоа се разделиле.

Таткото, чие полно име е Ришард Јанковски, не знае што се случило со тој човек. „Но, сигурен сум дека Бог нè води на прекрасни начини кога го следиме“, вели тој.

Ви благодариме за даровите на Тринаесеттата сабота што великодушно ги приложивте во 2017 година. Тие помогнаа да се основа телевизискиот канал Надеж во Полска. Проповедникот од оваа приказна, Ришард Јанковски, денес е претседател на Христијанската адвентистичка црква во Полска и е редовен говорник во емисиите на овој канал.

## Во врска со искуството

- Посетете ја веб-страницата на телевизискиот канал Надеж: hopechannel.pl.
- ➢ Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.
- ➢ Мисионската сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Цел број 2: „Да се зајакне адвентистичкото дело во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу изолираните групи луѓе и нехристијанските религии.“ Целта број 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Полска е најголемиот извозник на килибар во светот.
- Тестенините „пачки“ (Pączki ) се полски слатки во форма на топчиња исполнети со слатки филови, слични на желе крофни. Традиционално се служат пред Велигден. Некои христијани се препуштаат на овој деликатес за да ги потрошат јајцата, млекото и путерот пред Великиот пост. Полјаците јадат милиони патки само на овој ден.
- Никола Коперник бил полски астроном и математичар. Неговата хелиоцентрична теорија прва кажала дека планетите се вртат околу Сонцето, а не обратно.
- Pierogi (пирошки) е полска верзија на тестенини и е едно од најпрепознатливите полски јадења во светот.

Ендрју Мекчесни



# Од дилер на дрога...

ПОЛСКА | 2 септември 2023

Марек

Матеј и Мартин биле најдобри пријатели на Марек во училиште. Кога доаѓало до тепачка на училиште, секогаш биле виновни истите тројца тинејџери: Матеј, Мартин и Марек.

Денеска Матеј е мртов; Мартин поминал седум години од својот живот во затвор; а Марек е поранешен дилер на дрога кој служи како водач на младите во христијанската адвентистичка црква во Полска.

Што се случило?

Марек пораснал во христијанско семејство во јужна Полска. На осумнаесет години доживеал тежок удар кога девојката го оставила. Тој поминал две седмици во куќата, и само лежел и плачел. Конечно, тој решил да се моли: „Боже, сакам таа да се врати.“ Сепак, ништо не се случило. Потоа се молел: „Боже, не сакам да се будам, бидејќи сè е толку болно.“ Но, сепак ништо не се случувало.

Марек престанал да се моли и станал атеист. Почнал да се дрогира. Тогаш неговиот пријател Мартин решил да продава дрога и го повикал Марек да му се придружи. Марек набрзо станал успешен во продажбата на дрога, која исто така почнал да ја зема.

Тој мислел: „Ова е одлично. Заработуваш многу пари, а постојано се забавуваш!“

Поминале две години. Марек не нашол кој да му се придружи на големата забава на новогодишната ноќ. Тоа бил голем празник бидејќи светот влегувал во 2000. година. Така, Марек, кој тогаш имал 21 година, решил да ја посети својата баба.

Таа ноќ се нашол како ја втречнено ја разгледува сликата на Исус во домот на својата баба. Тој си мислеше: „Дури и да не верувам во Бога, Исус бил вистински. Тој бил на Земјата. Оваа година ние славиме 2.000 години од Неговото раѓање“.

Неговите мисли се вратиле на тоа како ја читал Библијата како момче. Тој се сетил дека Библијата го опишува Исуса како добра личност која добро се однесувала со луѓето. Тој си помислил: „Исус бил добар. Дали јас сум добар?“

Во тој момент слушнал глас: „Да, добар си. Ти си добар колку што сум и јас“.

До денес, Марек не знае кој го изговорил тоа, но гласот го натерал да се освести и сериозно да размисли за постоењето на Бога.

Неколку дена подоцна, Марек го посетила жена која ветила дека ќе му ја открие неговата иднина. Таа ги мешала картите во рацете и му зборувала за крајот на светот. „На

овој свет му се ближи крајот“, рекла таа. „Луѓето треба да се молат, да се обратат кон Бога.“

Марек се зачудил и прашал кога ќе биде крајот на светот. Таа рекла дека тоа ќе се случи за точно една година. Марек ѝ поверувал.

Приближно во тоа време, Марек почнал да ја чита Библијата бидејќи сакал да знае како светот ќе го доживее крајот. Мислел дека ќе ги најде одговорите во Откровението. Ја прочитал книгата три пати и ништо не разбрал. Се свртел кон евангелијата и се зачудил кога дознал дека Исус има царство во кое луѓето можат да бидат среќни и да живеат вечно. Тој сакал да биде во тоа совршено царство кога ќе настапи крајот на светот. Помеѓу забавите размислувал како да влезе во тоа царство.

Една вечер, по забавата, седел во автомобил со пријателите и јадел. Одеднаш, неговото внимание го привлекол излогот на книжарница наречена „Знаци на времето“. Се сетил дека Исус зборувал за знаците на времето во евангелијата и се прашувал дали оваа книжарница може да му помогне да се подготви за крајот на светот.

Следниот ден отишол во книжарницата и прашал: „Имате ли книги за Нострадамус?“ Жената зад пултот одговорила: „Не, но ако те интересираат пророштва, ја имаме книгата Големата борба“. Тоа била адвентистичка книжарница. Марек купил книга од Елена Вајт.

Тој бил зачуден додека го читал извештајот за христијанската црква од времето на уништувањето на Ерусалим до второто Христово доаѓање. Го проверувал она што го читал во Библијата и барал дополнителни информации на Интернет. Се чинело дека сè се вклопува.

## Во врска со искуството

Како што илустрира оваа мисионска сторија, книгата Големата борба го менува животот на луѓето. Придружете се на Светската адвентистичка црква на седмиот ден во масовна промоција и дистрибуција на Големата борба во 2023 и 2024 година. За повеќе информации, посетете ја greatcontroversiproject.com или прашајте го вашиот пастор.

- Посетете ја веб-страницата на полскиот канал Надеж / Hope:hopechannel.pl.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

Мисионската сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 е за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

Една вечер, додека ја читал Големата борба, се запрашал: „Дали добивам светлина со читањето на оваа книга?“ Во книгата прочитал дека Мартин Лутер добил светлина од Бога. Сега се прашувал дали и тој добива светлина.

Во тој момент сијалицата во ламбата над неговата глава почнала да трепка и да зуи. Сијалицата трепкала и зуела 10 секунди, 15 секунди, 20 секунди. Ова било необично, и Марек станал нервозен.

Одеднаш го забележал својот одраз на прозорецот од другата страна на собата. Сè што можел да види биле неговата глава и сијалицата над неа. Токму тогаш, сијалицата престанала да трепери и повторно блескала. Одговорот бил јасен. Помислил: „Да, имам сијалица како оваа над мојата глава“.

Тогаш за прв пат во животот го почувствувал Божјото присуство и љубов. Тој клекнал и рекол: „Боже, ако Твојата љубов е толку голема, сакам да Ти служам“.

Ви благодариме за даровите на Тринаесеттата сабота што ги приложивте и помогнавте во 2017 година да се изгради ТВ каналот Надеж во Полска. Марек Мицик е долгогодишен водач на младите на Адвентистичката црква во Полска и говорник на тој ТВ канал.

Ендрју Мекчесни



# ...До адвентистички водач

ПОЛСКА | 9 септември 2023

Марек

Животот на Марек почнал да се менува додека ја читал книгата Големата борба во Полска. Решил да ја празнува саботата како седми ден. Научил и повеќе за штетното влијание на пушењето, па решил да се откаже.

Но, не можел.

Таа сабота поминал покрај уличен постер на кој бил огласен петдневен семинар за откажување од пушење. Огласот се однесувал на адвентистичката црква. Марек никогаш порано не слушнал за таа верска заедница, дури и откако ја прочитал Големата борба и ја посетил книжарницата на адвентистите каде што ја купил книгата.

Решил да ја посети црквата. На огласната табла на црквата видел постер со книгата Големата борба. Знаел дека дошол на вистинското место. Било два часот попладне, а црквата вообичаено би била празна по богослужбата, но група литературни евангелисти престојувале во црквата тој викенд. Тие го поканиле Марек да дојде повторно следната сабота наутро на богослужение.

Марек дошол во сабота и уживал во проповедта за Исуса. Бил восхитен од добрината на луѓето во црквата.

Му рекле дека следната сабота ќе се собере поголема група млади луѓе во блискиот град. Го поканиле да дојде со нив.

Следното саботно утро Марек чекал младината од црквата да дојде по него.

Бидејќи долго чекал, му се чинело дека адвентистите го заборавиле. Потоа слушнал два гласа како му се обраќаат. Едниот глас рекол: „Остани надвор и уживај во убавото време." Друг глас рекол: „Почекај овде бидејќи е навистина важно да одиш на овој состанок".

По некое време се појавиле младите и го одвеле на голем собир на кој имало околу 1.000 луѓе. Марек бил одушевен од богослужението.

Секој збор што го слушнал, многу му значела. Проповедникот, британски пастор од Лондон, изјавил пред крајот на проповедта: „Знам дека треба да завршам сега, но знам и дека овде е присутен некој кому му треба Исус".

Марек помислил: „Кој му кажал за мене?" Потоа пасторот го споделил своето лично искуство.

Бил роден во религиозно семејство, но ја напуштил црквата. Се дрогирал и пиел. Неговата црква, па дури и неговата мајка престанале да се молат за него.

„Тогаш го запознав Исуса", рекол тој. „Тој ме зеде од дното каде што бев и ме донесе до ова место каде што сум сега за да ви кажувам за Неговата моќ и дека може да го промени и вашиот живот".

Тогаш пасторот упатил повик: „Ако сакате Исус да го промени вашиот живот, само дојдете овде напред", рекол тој. Марек видел 1.000 луѓе и се исплашил од помислата да застане пред нив.

Веќе со следната реченица, пасторот ги потврдил неговите размислувања.

„Не мислете на тоа дека другите луѓе ве гледаат", рекол тој. „Само дојдете овде. Пристапете напред, тоа е меѓу вас и Бога".

Марек станал. Не можел повеќе да седи. Срцето му чукало додека одел напред. Му се придружиле и други луѓе. Додека пасторот се молел, Марек за првпат го разбрал планот на спасението. Тој живеел лош живот, а Исус го зазел неговото место. Исус бил на местото на Марек на крстот и го ослободил велејќи: „Ти си слободен. Слободен си да го заземеш своето место во Моето царство".

Марек почнал да плаче и никој не можел да го прекине.

Пасторот го завршил повикот велејќи: „Додека одите на ручек

## Во врска со искуството

Како што кажува оваа приказна за мисијата, книгата Големата борба менува животи. Придружете се на светската адвентистичка црква на седмиот ден во масовната промоција и дистрибуција на Големата борба во 2023 и 2024 година. За повеќе информации, посетете ја greatcontroversiproject.com или прашајте го вашиот пастор.

- Посетете ја веб-страницата на полскиот канал Надеж / Hope:hopechannel.pl.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

Мисионската сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел број 6 е за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

сега, кажете им на сите што направил Исус за вас".

Марек ги ставил при срце зборовите на пасторот. По состанокот, тој одел од клупа до клупа и од човек до човек на главната улица во градот. „Го запознав Исуса!" – викал тој. „Тој ми го промени животот и ќе бидам во Неговото царство.

Од тој ден, кога Исус му го променил животот, Марек почнал да се занимава со работа што ги менува животите на другите луѓе. Денес тој е водач на младите во Адвентистичката црква во Полска.

„Навистина чувствувам дека Бог ми го спаси животот не само за Неговото царство, туку и од физичка смрт."

Додека студирал на адвентистичкиот факултет, дознал дека неговиот пријател од детството Матеј, бил пронајден мртов со нож во градите. Тој користел дрога и никој не знае што точно се случило. Имал само 23 години. Неговиот друг пријател од детството, Мартин, кој го научил да продава дрога, бил осуден на седум години затвор.

Марек вели дека Бог му дал нов живот. „Навистина сакам да им помогнам на младите да ја најдат својата цел во животот, многу порано отколку што го направив тоа јас."

„Можеби, откако ќе го слушнат моето искуство, ќе живеат подобро. Навистина сум му благодарен на Бога. Тој ме спаси од сѐ, и ми даде сѐ, затоа јас Му дадов сѐ за возврат".

Ви благодариме за даровите на тринаесеттата сабота приложени во 2017 година, кои помогнаа да се изгради телевизиското студио Каналот Надеж во Полска. Марек Мичик е долгогодишен младински водач на Адвентистичката црква во Полска и говорник на тој ТВ канал.



# Без излез

ЛАТВИЈА | 16 септември 2023

Беба

Спортот бил страст на Беба. Давала сè за спортот. Таа особено сакала да игра кошарка, а ги сакала и своите тренери.

Секогаш кога учествувала на натпревар, давала сè од себе во надеж дека ќе победат.

Но, кога Беба се подготвувала за крштевање, сфатила дека мора да престане да игра кошарка. Многу натпревари биле закажани за сабота, а таа сакала да го почитува Бога со тоа што ја празнува саботата.

Шеснаесетгодишното девојче се соочило со тешка задача во родната Летонија.

Спортот бил нејзиниот живот.

Сега таа морала да им ја соопшти веста на своите тренери. Изгледало дека ќе биде болно. Тренерите ѝ биле како родители и вложиле многу енергија и труд во нејзините тренинзи.

Исто така, таа ќе мора да им каже и на своите соиграчи. Таа не само што била дел од кошаркарскиот тим, туку и капитен на тимот. Сфатила дека, без нејзиното учество, тимот ќе се соочи со големи предизвици на теренот. Беба се молела: „Боже, како да им кажам?“ Се чинело дека нема излез.

Таа сабота тинејџерката одлучила да го одигра својот последниот натпревар.

На полувремето од мечот, Беба била сама во соблекувалната. Ја мачела совеста, па клекнала да се помоли.

„Боже, те молам направи нешто“, се молела таа. „Не сакам повеќе да играм кошарка во сабота. Сакам да те прославувам Тебе, но не знам како да им кажам на тренерите. Тоа ќе биде болно за нив. Но, Ти ветувам дека ова ќе биде мојот последен натпревар во сабота“.

Изгледало дека нема излез.

По молитвата Беба не се чувствувала добро. Тренерите ја прегледале и откриле дека нејзиниот крвен притисок е исклучително висок. Беба била хоспитализирана.

По серија тестови, докторот дошол со запрепастувачки вести. „Ти си родена само со еден бубрег“, ѝ рекол тој. „Не смееш повеќе активно да се занимаваш со кошарка.

Беба не можела да им верува на ушите. Бог ѝ дал излез. Не била воодушевена кога дознала дека има само еден бубрег. Но, сега лесно можела да им објасни на своите тренери и соиграчи зошто мора да се откаже од кошарката.

Веста им ја соопштила на своите тренери и соиграчи. Тие покажале сочувство. Ја разбрале и ја поддржале.

Беба се радувала што Бог ѝ дал излез од проблемот, но се чувствувала тажно што се збогувала со спортската кариера. Спортот бил целиот нејзин живот.

Потоа се сетила дека има нешто далеку подобро од спортот. Таа го

имала Исуса.

Се молела: „Исусе, те молам дај ми нешто ново во мојот живот, бидејќи повеќе не можам да бидам активна во спортот".

Набргу по молитвата, еден пријател ѝ подарил гитара. Беба никогаш порано не свирела гитара и извежбала неколку акорди. Не било премногу тешко. По само еден ден учење, таа можела сама да свири едноставни песни. Била толку возбудена! Исус ја благословил со дарот на музика.

Беба денес има 42 години и сè уште свири гитара. Иако повеќе не игра кошарка, сфатила дека сепак може да се занимава со други спортови.

„Тоа што имам само еден бубрег не го заврши мојот спортски живот", вели таа со широка насмевка. Сè уште можам да одам на скијање и да се занимавам со други спортови".

Даровите на Тринаесеттата сабота ова тримесечје ќе им овозможат на луѓето во Латвија да спортуваат во адвентистичкиот центар. Дел од даровите на Тринаесеттата сабота ќе помогне да се изгради зграда во главниот град на Латвија, Рига, која ќе служи како центар на влијание каде семејствата ќе можат да се занимаваат со рекреативни спортови и да учествуваат во здравствениот клуб.



## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

Мисионската сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел број 6 е за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Делото во Латвија започнало кон средината на 1890-тите кога Герхард Перк и неколку колпортери дошле во неколку балтички градови. Во 1895 година, Перк го започнал евангелското дело во Рига, главниот град на Латвија, а на 14 мај 1896 г., ЛР Конради ја организирал првата црква таму со 12 членови.

Брзиот раст на црквата во Латвија во првата половина на 20 век бил резултат на активното учество на верниците лаици во проповедањето на Евангелието. Во заедница каде што немало редовен проповедник, еден црковен старешина влијаел на 37 преобратеници.

Во 1930-тите, еден мисионер организирал специјални библиски часови за млади луѓе, со хор и оркестар во Латвија. По четиригодишно вежбање, младите учествувале во евангелски активности низ целата земја. Свиреле музика за евангелските служби и во исто време организирале јавни концерти со кои ги покривале патните трошоци.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства за Божјото дело.



# Со вера против сè

ЛАТВИЈА | 23 септември 2023

Армандс

Објавата на 95-годишната жена го изненадила летонскиот пастор Армандс.

Жената Паулина му рекла дека сака да ја претвори двокатната куќа во адвентистичка црква во главниот град на Летонија, Рига. Потоа го натерала да ги погледне имотните тапии од пред Втората светска војна.

Годината била 1991 година и независна Латвија се подготвувала да ги врати правата на приватната сопственост. Летонските власти се обидувале да им го вратат имотот на луѓето со имотни документи, одземени од Советскиот Сојуз.

Паулина имала токму такви хартии. Ги имала од 1972 година, кога првичната сопственичка на зградата, Ана, ја изразила својата смртна желба нејзината куќа да биде претворена во адвентистичка црква.

Армандс никогаш не работел со имотни документи и имотно правни работи, но бил готов да се обиде. Тој помислил: „Зошто да не?“

Приказната започнала кога една адвентистичка верничка по име Ана го загубила својот имот кога Латвија станала дел од Советскиот Сојуз во 1940-тите.

Таа имала голема парцела со две куќи на неа. Едната куќа имала два ката со по два стана на секој кат. Вториот, на приземје, имала три стана.

Ана го сакала Бога и адвентистичката црква со сето свое срце. Таа верувала дека советскиот режим ќе пропадне еден ден и дека Бог ќе ѝ го врати имотот. Си мислела: „Како да го вратам овој имот што некогаш ми припаѓаше и да го дадам на црквата?“

Таа разговарала за нејзината желба со адвентистичкиот пастор, но тој не гледал начин како таа да подари нешто што не е нејзино.

„Сестро, ништо не е твое сега“, рекол тој. „Како можеш да го подариш?“

Но, Ана верувала дека времињата ќе се променат.

Ако не живее доволно долго за да го врати имотот и да ѝ го даде на црквата, ќе најде некој што би можел да помогне. Таа решила да напише тестамент во кој имотот ќе ѝ го остави на својата помлада пријателка Паулина.

Во 1963 година, Ана потпишала тестамент дека го предава имотот на Паулина под услов да го пренесе на Адвентистичката црква. По тој повод таа ги предала и документите за сопственост. Тестаментот го потпишале адвокат и двајца сведоци кои биле членови на црквата.

Во реалноста, тоа бил имагинарен документ, бидејќи немал прав-

## Во врска со искуството

Целосните имиња на луѓето од оваа приказна се Армандс Берзинш, Паулина Онина и Ана Тераудс.

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

- Оваа мисионска сторија ги илустрира целите на дејството на Светиот Дух. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Оваа приказна за мисијата ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Целта број 1 зборува за концептот на заживување на светската мисија и жртвувањето за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Цел на мисијата бр. 2: „Зајакнете го адвентистичкото дело во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу изолираните групи луѓе и нехристијанските религии ." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам": IWillGo2020.org.

## Брзи факти

Хокејот на мраз и кошарката се најпопуларните спортови во Латвија.

Најголемата река во Латвија е Даугава или Западна Двина, а ја користеле и Викинзите, Русите и другите Европејци за трговија, војни и освојувања. Оваа река е долга вкупно 1.020 километри. На влезот во Латвија има слив од 180 m широк, низ земјата тече 352 km, а во најширокиот дел достигнува 750 m, пред да се влее во Балтичкото Море во Рига.

Фридрих Вилхелм Оствалд е единствениот Летонец кој ја доби Нобеловата награда. Научникот ја освоил наградата од хемија во 1909 година за неговата работа на катализа, хемиска рамнотежа и брзина на реакција.

на сила. Според советските закони, Ана не поседувала ништо. Имотот, како и секој друг поразенешен приватен имот, бил национализиран. Немало ни навестување дека нешто ќе се промени. Но, двајца сведоци заедно со Ана и адвокатот го потпишале документот со кој се потврдува дека Ана своевремено била сопственик на имотот.

Ана не доживеала да го види исполнувањето на својот сон. Таа починала во осумдесеттите години, во 1972 година, речиси 20 години пред Латвија да добие независност.

Набргу откако Латвија станала независна во 1991 година, Паулина решила да го исполни своето ветување на Ана. Паулина тогаш имала 95 години, а тестаментот со документите за сопственост му ги подарила на пасторот Армандс. Двајцата сведоци кои го потпишале тестаментот сè уште биле живи. Тие се молеле да се оствари сонот на Ана.

Армандс се согласил да помогне, а Паулина го потпишала полномошното. Било неопходно да се разреши ситуацијата и да им се објасни на властите дека имотот ѝ припаѓа на Паулина.

Тоа бил прилично долг процес. Она што ја направило целата ситуација уште потешка е тоа што децата и внуците на Паулина, кои не биле членови на црквата, барале имотот да се задржи во семејството.

Но, на крајот победил сонот на Ана. Паулина ја добила сопственоста

над имотот и го предала на адвентистичката црква.

Црквата со благодарност го прифатила великодушниот подарок и почнала да одржува состаноци на новата локација. Изградбата на новата црковна зграда на имотот била завршена во 2004 година, четири години откако Паулина починала на 104-годишна возраст.

Армандс сега има 76 години и е во пензија. Живее во станот на стариот имот на Ана. Тој сака да ја раскажува приказната за тоа како Ана и Паулина гледале на имотот со очите на верата. „Верата на овие две сестри е неверојатна", вели тој.

Ана и Паулина имале длабока вера во Бога, а даровите на Тринаесеттата сабота од ова тримесечје ќе им даде можност и на други луѓе да се запознаат со адвентистичките учења.

Дел од даровите на Тринаесеттата сабота ќе бидат употребени за изградба на зграда во главниот град на Летонија, Рига, која ќе служи како центар на влијание и каде ќе се одржуваат часови по странски јазици и здравствени клубови.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства.

Ендрју Мекчесни

## Програма на 13-тата сабота
## 30 септември 2023

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Јас срцето, го давам сега сам", песна бр. 112 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Од натприродното" |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Силно свети милост Божја", песна бр. 216 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Завршна молитва** | |

*Забелешка:(Учесниците не мора да ги запаметат нивните делови, но за да биде доволно запознаени со материјалот, така да не мора да прочитате што од сценариото. Воз себе целата програма, така што учесниците можат да се чувствуваат удобно и, доколку е потребно, нагласи она што го сметаат за важни.)*



# Од натприродното

ЛАТВИЈА | 30 септември 2023

Олег и Светлана

За Олег свадбата значела повеќе отколку само стекнување на доживотен сопатник и пријател. Тоа значело живеење со некој со фантастични моќи.

Тој дознал за моќта на својата сопруга кога таа му понудила ослободување од неговите постојани главоболки.

„Сакаш ли да ти ја ставам раката на глава?“ прашала Светлана. Без да чека одговор, таа му ја ставила раката на челото. Главоболката веднаш престанала.

„Ох, тоа ми помогна!“ извикал Олег изненадено.

Потоа, секогаш кога Олег би имал главоболка, знаел на кого да му се обрати. Не знаел како Светлана го направи тоа, но не се грижел. Имало многу работи што тој не ги разбирал во тоа време во Советска Латвија. Но, она што тој сигурно го знаел е дека нема Бог. Олег пораснал во атеистички дом и тој, како и многу луѓе во тоа време, не верувал во Бога.

Меѓутоа, тој верувал во невидени сили. Светлана уживала во читањето списанија за натприродното и била поврзана со некоја невидена сила. Во една прилика, кога Олег го поправал автомобилот, Светлана слушнала глас кој ѝ рекол да ги употреби своите ментални сили за да го исклучи моторот на автомобилот.

Пред воопшто и да помисли да го направи тоа, моторот се изгасил. Слушнала гласови кои ѝ рекле да прави и други работи.

Олег не размислувал многу за натприродните гласови додека не ѝ кажале на неговата сопруга да го убие него и нивните три деца. Светлана одбила да го послуша гласот и потонала во длабока тага. Во текот на три дена посакувала да умре. Олег се исплашил и ја напуштил куќата заедно со децата. Мајката на Светлана повикала брза помош, а Светлана завршила во психијатриска болница.

Кога Олег го видел психијатарот, прашал дали неговата сопруга некогаш ќе биде пуштена од психијатриската болница.

Не можам да ја задржам овде, бидејќи не е луда“, рекол психијатарот. „На Светлана не ѝ треба болница, туку црква.“

Олег бил шокиран. Советскиот психијатар му ја препорачал христијанската црква?

Олег и неговото семејство немале никаква врска со каква било црква. Не бил сигурен што да прави.

Во својот очај, мајката на Светлана прашала една постара жена

на нејзиното работно место: „Знаете ли каде можам да најдам Библија или да разговарам со некого за Бога?“

Се покажало дека жената била адвентист. „Секако дека знам“, рекла таа.

„Мојот пастор може да разговара со вашата ќерка и да ви даде Библија.

Кога Светлана била отпуштена од болницата, заедно со сопругот Олег го посетиле пасторот и му го кажале својот проблем. Пасторот не се сомневал дека злите сили ја мачат Светлана. „Молете се и Бог ќе ве избави“, рекол тој. „И вие би било добро да дојдете во црква.“ Светлана и децата почнале да одат во црква. По три месеци таа се крстила.

На Олег му олеснало што неговата сопруга конечно го пронашла својот мир. Но, тој сè уште не бил убеден дека постои Бог или дека му бил потребен. Понекогаш се потсмевал на Светлана и на неговите деца затоа што се молат. Ги прашал и зошто секоја сабота мора да одат во црква.

„Дојди и види“, би одговорила Светлана. Олег конечно отишол со нив една сабота и му се допаднало она што го видел. Кога пасторот му понудил да ја проучува Библијата заедно со него, тој се согласил.

Наскоро тој му го предал своето срце на Бога и се крстил. Подоцна, сите три деца се крстиле.

„Сега јас сум пастор на црквата“, вели Олег. „Никогаш не сум помислил дека ќе бидам пастор“.

Олег е повеќе од пастор. Од 1998 година тој е водач на младите и работи со извидниците. Светлана тесно соработува со него. Олег ќе помага во надгледувањето на проектот на Тринаесеттата сабота ова тримесечје во главниот град Рига. Дел од даровите ќе бидат употребени за изградба на центар на влијание каде што младите ќе можат да учат странски јазици, да се занимаваат со спорт и да учествуваат во други активности насочени кон Христа.

Ви благодариме за вашите великодушни средства што ќе се соберат денес за овој проект и за младинскиот камп за извидници во Црна Гора.

*(Собирање на даровите придружено со инструментална музика)*

## Во врска со искуството

- Потсетете ги сите дека нивните мисионски дарови служат за ширење на Божјата реч низ целиот свет и дека една четвртина од даровите на Тринаесеттата сабота ќе се употребат за проекти во оваа дивизија.
- Користете ја мапата на светот за да ги прикажете земјите од Трансевропската дивизија кои ќе добијат средства за Тринаесеттата сабота: Црна Гора и Латвија.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Трансевропската дивизија: bit.ly/ted-2023.

# Идни проекти на 13. сабота

**Проектите кои ќе бидат во центарот на вниманието следното тримесечје доаѓаат од Западната Централноафриканска дивизија на Генералната конференција на Аадвентистичката христијанска црква.**

**1 Изградба на центар за обука за медицински сестри и акушерки во Асаманго Абребо Тикесе, Гана.**

**2 Изградба на двојазично основно училиште, англиски/француски, во Банцун, Камерун.**

# Мисионско катче

- **Помогнете ни да допреме до 66% од светската популација која сè уште чека да го искуси спасоносното знаење за Исус. Вашата поддршка со мисионските дарови помага да дојде до промена во животот на луѓето.**
- **За да се осигураме средствата за мисијата никогаш да не пресушуваат, посетете ја интернет страницата: Giving.AdventistMission.org.**
- **Посетете ја нашата Фејсбук страница и преземете ги дополнителните материјали за мисијата.**

# ИЗВОРИ ЗА ВОДАЧИТЕ

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео Mission Spotlight, кое содржи извештаи од Интеревропската дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве се извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во овој квартал, посетете ги:

**Websites**

| | |
|---|---|
| Латвија: government website | bit.ly/LatviaGov |
| Country Report | bit.ly/LatviaCR |
| Latvia Travel: Latvian Tourism Portal | bit.ly/LatviaTrav |
| Црна Гора: government website | bit.ly/MontenegroGov |
| WikiTravel | bit.ly/MontenegroWT |
| Montenegro Travel Portal | bit.ly/MontenegroTP |
| Полска: government website | bit.ly/PolandGov |
| Poland.pl | bit.ly/Poland_pl |
| InfoPlease | bit.ly/PolandIP |
| Србија: government website | bit.ly/SerbiaGov |
| Serbia Travel | bit.ly/SerbiaTrav |
| Britannica | bit.ly/SerbiaBrit |

**Адвентистичка црква**

| | |
|---|---|
| Трансевропска дивизија | bit.ly/SDA_TED |
| Балтичка унија | bit.ly/SDA-BUC |
| Полска унија | https://bit.ly/SDA_PolandUC |
| Југоисточноевропска унија | bit.ly/SDA_SEEUC |
| Латвиска област | bit.ly/SDA_LatviaConf |


**АДВЕНТИСТИЧКА МИСИЈА**

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 3/2023**

**Вести од светот**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**Адреса:**
„Влае“ бр. 42
1000 Скопје

tometrajkov@gmail.com
www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА


Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави  целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.




## ТРАНСЕВРОПСКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ВЕРНИШТВО | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Јадранска | 88 | 4 | 3,559 | 8,956,000 |
| Балтичка | 85 | 8 | 5,674 | 6,004,000 |
| Британска | 298 | 111 | 40,108 | 72,854,000 |
| Данска | 37 | 1 | 2,394 | 5,953,000 |
| Финска | 59 | 9 | 4,436 | 5,538,000 |
| Унгарска | 110 | 26 | 5,123 | 9,690,000 |
| Холандска | 60 | 16 | 5,945 | 17,502,000 |
| Норвешка | 59 | 2 | 4,485 | 5,402,000 |
| Полска | 115 | 28 | 5,800 | 38,154,000 |
| Југоисточноевропска | 210 | 6 | 6,783 | 14,755,000 |
| Шведска | 32 | 5 | 2,905 | 10,398,000 |
| Приспоени полиња | | | | |
| Кипар | 2 | 1 | 114 | 873,000 |
| Грчка мисија | 9 | 5 | 482 | 10,697,000 |
| Исланд | 6 | 1 | 465 | 371,000 |
| **Вкупно** | **1,170** | **223** | **88,273** | **207,147,000** |

## ПРОЕКТИ

1. Центар на влијание, Рига, Латвија
2. Реновирање на младински камп, Зеленика, Црна Гора